**Официјални правила на наградната игра**
**"**Брендовите што ги сакаш повторно наградуваат!"

## Организатор на наградната игра
## Член 1

Организатор на оваа наградна игра е Друштво за глобални комуникации Греј-Ворлдвајд ЛТД Дооел Скопје, (во понатамошниот текст „Организатор"), со седиште на улица Никола Тримпаре бр.26, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, во име на Нелт СТ дооел со седиште ул. 32 бр.20 1041 Илинден, Република Северна Македонија.

## Име, траење и цел на наградната игра
## Член 2

Името на наградната игра е **"Брендовите што ги сакаш повторно наградуваат!"**

Наградната игра ќе почне на 04.02.2026 и ќе заврши на 10.03.2026 година.
Цел на наградната игра е рекламирање на производите од портфолиото на Проктер и Гембл (P&G) од брендовите на Ariel, Lenor, Fairy, Pampers, Always, Discreet, Oral-B, Mr.Proper, Old Spice, Gillette Venus, Naturella, Head&Shoulders, Pantene, Gillette.
Производи кои учествуваат во наградната игра: сите производи од горенаведените брендови.

## Член 3

Наградната игра ќе се приредува во маркетите на Веро на територија на Република Северна Македонија.

## Правила за учество и начин на спроведување на наградната игра
## Член 4

Право на учество во наградната игра имаат сите лица кои се постари од 18 години, жители на Република Северна Македонија и ги прифаќаат условите на овие Правила. Во времетраењето на наградната игра, учесникот треба да купи било кои P&G производи од брендовите кои се веќе наведени во Член 2 во вредност од минимум 499 денари и повеќе на една фискална сметка во продажните места на Веро на територија на Република Северна Македонија.
Учесниците во наградната игра ги наведуваат/пишуваат своите лични податоци (име, презиме, адреса, контакт телефон и број на фискална сметка) на купонот за наградна игра кој ќе им биде доделен на каса/продажното место и истиот треба да го достават во кутијата наменета за собирање (означена, избрендирана кутија), која ќе биде поставена во Веро маркетите кои учествуваат во оваа наградна игра. Задолжително е чување на фискалната сметка која учествува во наградната игра како доказ за купените производи (согласно член 2 кои производи учествуваат во наградната игра).

Учесниците во наградната игра ќе можат да ги остават купоните заедно со своите лични податоци во кутијата наменета за извлекување најдоцна до 10-ти март 2026 година, по што истата ќе биде затворена се до почетокот на извлекувањето. Со учеството во наградната игра учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.

Вработените кај Организаторот на наградната игра, вработените од Нелт СТ ДООЕЛ како и членовите на нивните потесни семејства (син/ќерка, родители, брат/сестра или брачен другар) немаат право да учествуваат во наградната игра.

**Извлекување на наградите и објавување на добитниците**
**Член 5**

5.1 Извлекувањето на добитниците на наградите ќе се изврши на 23.03.2026 година:
- маркет Веро Џамбо, Скопје со почеток во 12:00 часот.

На денот на извлекувањето кутиите со купоните од учесниците од сите маркети ќе се достават во наведениот маркет и ќе се истурат во една поголема кутија наменета за извлекување. Извлекувањето ќе се врши рачно од кутијата во која се внесени сите купони, од страна на лице определено од страна на организаторот.

Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати (со различни фискални сметки), но не може да биде добитник на повеќе од една награда од целиот награден фонд.
Ќе биде организирано едно извлекување и ќе биде извлечен по еден добитник за секоја награда.
Исто така ќе бидат извлечени за секоја награда:
- по еден резервен добитник за наградата вредносен ваучер
- два резервни добитници за главната парична награда

Добитниците ќе бидат информирани за наградите на телефонскиот број кој го имаат наведено на купонот. Во случај да не може да се стапи во контакт со добитникот на наградата или истиот не може да се потврди како валиден добитник (невалидни податоци на купонот, не ја исполнува возрасната граница и сл.), резервниот добитник ќе се земе во предвид како добитник.

5.2 За да може да се подигне наградата, добитникот мора да ја приложи фискалната сметка која учествува во наградната игра како доказ за купениот производ (согласно член 2 кои производи учествуваат во наградната игра) и лична карта/пасош за верификација.

5.3 Организаторот нема да сноси никаква одговорност за фискалните сметки кои не ги содржат потребните информации и истите нема да бидат земени во предвид како валидни.

5.4 Извлекувањето на добитниците на наградите ќе го контролира комисија составена од три члена: овластен претставник на Греј Ворлдвајд ЛТД ДООЕЛ Скопје, овластен претставник на ТД Нелт СТ ДООЕЛ, овластен претставник на Веро. Нотар ќе води записник во текот на извлекувањето.

5.5 Имињата на добитниците ќе бидат објавени во рок од три дена од денот на извлекувањето, на интернет страницата www.nelt.com, откако ќе се провери дека добитниците ги почитувале сите

правила на наградната игра. Секој добитник ќе биде контактиран од страна на организаторот на доставениот телефонски број.

**Член 6**

Целосната сума на наградниот фонд изнесува 450.000,00 денари со вклучено ДДВ. Вкупниот број на награди е: 61. Организаторот е обврзан да не дава дополнителни награди од било кој вид. Ваучерите не можат да се заменат за пари или друг вид на награда. Наградниот фонд се состои од следниве награди:

| Име и вид на награда | Количина | Цена на индивидуални награди без ДДВ | Целосна цена на награди без ДДВ | Целосна цена на награди со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Главна награда: Парична награда од 150.000 ден. | 1 | 150.000 ден. | 150.000 ден. | 150.000 ден. |
| Веро вредносен ваучер во износ од 5.000 ден. | 60 | 5.000 ден | 300.000 ден | 300.000 ден |

Износот на вредносните ваучери може да се искористи заклучно до датумот наведен на самите ваучери.

**Информирање на учесниците**
**Член 7**

Учесниците во наградната игра ќе бидат информирани за правилата, наградниот фонд и условите за учество, на интернет страницата www.nelt.com и преку промотивни материјали.

**Доделување на наградите**
**Член 8**

Добитниците на наградната игра ќе бидат извлечени по случаен избор. Исправноста на наградната игра ќе ја следи комисија од Организаторот.
Добитниците ќе бидат информирани за наградите на телефонскиот број кој го имаат наведено на купонот. Во случај да не може да се стапи во контакт со добитникот на наградата или истиот не може да се потврди како валиден добитник, резервниот добитник ќе се земе во предвид како добитник.

Паричната награда ќе биде исплатена на лична денарска трансакциска сметка на добитникот во било која банка на територијата на Република С. Македонија, во рок од 30 дена од денот на извлекувањето на добитникот. Со префрлување на износот на наградата на трансакциската сметка на добитникот, се смета дека организаторот во целост ја исполнил својата обрвска кон добитникот на паричната награда.

Останатите награди ќе се доставуваат на домашна адреса или можат да се подигнат лично од просториите на Организаторот на ул. Никола Тримпаре 26, Скопје, по претходен договор со добитниците.

За верификација на добитници, Организаторот или неговите претставници, мора да потврдат дека добитникот ги почитувал сите правила на наградната игра.
Подигнувањето на наградите ќе биде дозволено во рок од 30 дена по нивното објавување. Доколку останат награди, што може да биде последица на недоволен интерес на учесници или неочекуван прекин на наградната игра, тие награди останувaат во сопственост на Организаторот.

**Член 9**

Согласно Правилата, Организаторот има право да провери дали се исполнети потребните услови за учество и дали учесникот може да ја прими наградата.

По предавањето на наградата, Организаторот нема понатамошни одговорности кон добитникот, во врска со користењето на добиената награда. Организаторот, по предавањето на наградата, не е одговорен и нема да подмири никакви трошоци, како и други трошоци кои Организаторот не ги има прифатено во Правилата или во потпишаниот договор со добитникот, ниту за било какви потешкотии при подигнување на наградата или употреба на истата од страна на добитникот.

Ваучерите за добитниците (наведени во Член 6) се конечни и тие во ниту еден случај не можат да бидат заменети за пари.

**Согласност за користење на лични податоци**
**Член 10**

Со учество во наградната игра, учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Организаторот, за користење при реализација на наградата игра за период од (три) месеци. Организаторот има право да ги користи личните податоци на секој учесник за потребите на наградната игра. Организаторот не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на наградната игра. Личните податоци на учесниците на наградната игра, ќе се користат само согласно Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 и 294/2021).

**Даноци**
**Член 11**

Даноците за игрите на среќа се на товар на Организаторот, како што наложува законот. Организаторот гарантира дека предавањето на наградите ќе биде согласно со Правилата.

**Прекинување на наградната игра**
**Член 12**

Наградната игра може да биде прекината доколку се случи виша сила надвор од контрола на Организаторот, согласно член 9 став 4 и 5 од Законот за игри на среќа, а по добивање согласност од Министерство за финансии.

**Поднесување приговор**
**Член 13**

Учесникот во наградната игра, има право да поднесе приговор до организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците на следната адреса: Никола Тримпаре 26, 1000 Скопје.
Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истата.

**Објавување на правилата**
**Член 14**

Согласно законот, правилата за наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата www.nelt.com по добивање на согласност од страна на Министерството за Финансии, а пред нејзиниот почеток.

**Прифаќање на правилата и овластувањата во случај на спор**
**Член 15**

Со учество во наградната игра, секој учесник се сложува дека ќе ги почитува претходно наведените правила и услови. Доколку се случи несакан спор меѓу Организаторот и учесникот во наградната игра, тој ќе биде решен по договор, но доколку не се достигне заемен договор, спорот меѓу Организаторот и учесникот ќе биде решен на судски спор во суд во Скопје.